Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 99/18, 89/22 и 171/22), Општина Битола, на ден 30.05.2025 година, донесе:

# ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планско-проектната документација **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – Нови 0,4 kV кабелски изводи, нови 10(20) kv кабелски изводи и нова БСТС 10(20)/0.4 kV, 50 kVA (КО Цапари – вон град) – Општина Битола**, кој се носи согласно потврда за одобрување на проектна програма бр. 30-37-1/23 од 25.12.2023 год, **не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Битола, www.bitola.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл. 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планско-проектниот документ за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – Нови 0,4 kV кабелски изводи, нови 10(20) kv кабелски изводи и нова БСТС 10(20)/0.4 kV, 50 kVA (КО Цапари – вон град) – Општина Битола,** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: истото претставува поставување на инфраструктура се поставува во трасата на веќе постоечка сообраќајна инфраструктура. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08-605/1
од 30.05.2025
Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Тони Коњановски**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – Нови 0,4 kV кабелски изводи, нови 10(20) kv кабелски изводи и нова БСТС 10(20)/0.4 kV, 50 kVA (КО Цапари – вон град) – Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | МЕХАНОТЕХНИКА ДООЕЛ Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Љупчо Стојчев,<br>дипл.инж.арх. овластување бр.0.0221 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Браќа Мингови“ бб, комплекс АВРА<br>моб. 075/462-767 , 075/462-797 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр: 32/20, 111/23 и 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во врска со чл. 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да ✓<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА - енергетика | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не ✓ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не, предметниот опфат за прв пат се врши урбанизација врз основа на Просторен план на РМ | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности. Реализацијата на документацијата со намена за изградба на подземен кабелски вод ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје. Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Инфраструктура, енергетика | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| Дефинирана со Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола во 2024, Одлука од Совет 09- 160/14 од 21.12.2023 | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |
| Предметниот проектен опфат со намена Е1.8 - водови за пренос на електрична енергија и Е1.8 - трансформаторско станици, подстаници и нисконапонски кабелски изводи изнесува 3000.00 m² (вкупна должина на НН кабелски изводи од 1060 м и СН кабелски изводи од 2530 м.) | | | |

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови







Општинска граница

Катастарска граница

0,4 kV кабелски вод-Y10423

Друштво за геодетски работи **ГЕО АД ИНЖЕНЕРИНГ** Дооел Битола

# СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

КО Цапари вонград.

Приближен Размер 1:1000



Битола,

Октомври, 2022

Изработил:

Моника Велјановска, дипл. геод. инж.

| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да ✓<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не ✓ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на подземниот кабел може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Вкупниот број на население во с. Цапари според Пописот од 2021 година изнесува 307 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се**: | |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој проект. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект за потребите за користење на обновлив извор на енергија. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| **Посебни природни** | Во рамки на проектниот опфат на урбанистички проект вон опфат на |

| | |
|---|---|
| **карактеристики или културно наследство** | урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24) нема особени природни карактеристики. Во однос на заштита на културно наследство согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19) ако во текот на изведување на градежни работи се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен да го пријави откритието, да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување а откриените предмети да ги зачува во состојба во која се најдени. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во околниот простор има изградени објекти, улици и други инфраструктури |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание поради тоа што станува збор за линиска инфраструктурна градба, во непосредна близина нема заштитени области. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ престставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдување на електрична енергија, односно одржливо производство на енергија, отварање нови работни места, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови, зголемување на енергетската ефикасност.

Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа во атарот на село Цапари, Општина Битола.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планскиот документ, согласно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одржлив развој.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**

| |
|---|
| **(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br><br>При спроведување на планскиот документ ќе се зголеми густината на сообраќајната мрежа, ќе се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, ќе се зголеми потрошувачката на енергија, вода и ќе се зголеми производството на отпад., но ќе има и зголемување на потребата од услуги. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе се влијае на локалната економија и животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој / тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Реализацијата на планскиот документ претставува донесување на урбанистички проект врз основа на издадени услови за планирање на просторот и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање, Просторен План на Република Северна Македонија. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>За предметниот простор нема претходно изработена урбанистичка документација. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го доставаат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br><br>Тони Коњановски<br><br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА |

| | |
|---|---|
| Датум 30.05.2025<br>Место Битола<br>**08-605/2** | М.П. |